У-5 бр.462/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје, поднесена преку полномошник адвокат Емил Мифтари од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-332/6 од 18.03.2021 година, за избор на најповолна понуда, на одржаната јавна расправа во присуство на полномошник на тужителот Адвокат Андријана Јанковска од Скопје и во присуство на Зоран Трајановски вработен кај тужениот на 02.07.2021 година ја донесе следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-332/6 од 18.03.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА:

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест трошоците по постапката во износ од 24.904,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение бр.09-332/6 од 18.03.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја усвоила жалбата на ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ – Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2021-01113/21/1 од 12.03.2021 година донесена по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.01113/2021 за набавка на стоки – медицински гас – кислород на договорниот орган ЈЗУ Клиничка болница – Штип, како и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2021-01113/21/1 од 12.03.2021 година и предметот го вратила на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-332/6 од 18.03.2021 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата и на одржаната јавна расправа наведе дека во конкретниот случај тужениот орган сторил повреди на постапката кога во